РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
Бр. 1114-334/17
04-12-2015 година
СКОПЈЕ

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGEMENT CENTER

До: УНДП

Јордан Хаџи-Константинов Џинот бр. 23

1000 Скопје

Датум: 04 декември 2015

Предмет: Учество од Центарот за управување со кризи

Почитувана госпоѓа Винтон:

Со задоволство Ве информираме дека Центарот за управување со кризи одлучи да даде учество од 360,000 (триста и шеесет илјади) денари [6,188.75 долари[1]], на Програмата за развој на Обединетите нации (во понатамошниот текст "УНДП"), орган на Обединетите нации, меѓународна организација утврдена со договор, претставувана од својот Постојан претставник, со канцеларии на улица Јордан Хаџи-Константинов Џинот бр. 23, Скопје, за проектот 00089307 "Зголемување на урбаната отпорност со употреба на ИКТ за вклучување на намалување на ризикот од катастрофи и климатски промени во Ерменија, Македонија и Молдавија" (според проектниот документ).

Учеството на Центарот за управување со кризи ќе биде депонирано на следната банкарска сметка: УНДП Скопје, УНДП сметка, број на сметка: 200001051434014, Стопанска банка АД Скопје, 11 Октомври, бр.7, МК - 1000 Скопје.

Центарот за управување со кризи ќе го информира УНДП кога ќе се уплати придонесот со e-mail порака со дознака информации на contributions@undp.org

УНДП ќе го добие и ќе управува со придонесот во согласност со финансиските регулативи и правила на УНДП, политики и процедури, и во согласност со следниве услови:

(1) Учеството се плаќа во согласност со следниот распоред:

| Датум на плаќање | Износ (МКД) |
| --- | --- |
| Не подоцна од 31 декември 2015 год. | 360.000,00 |
| Вкупно: | 360,000.00 |

1 Според девизниот курс на ООН за декември 2015 год. 1 УСД = 58,17 МКД

(2) Погоре наведениот распоред на исплати го зема во предвид условот дека плаќањата треба да се вршат во однапред, пред извршување / реализација на планираните активности. Тоа може да се измени за да се биде во согласност со напредокот на проектот.

(3) Вредноста на исплатата, доколку е направена во друга валута од УС долари, се утврдува со примена на оперативна стапка на размена на Обединетите нации која е во сила на денот на уплатата. Доколку има промени во оперативната стапка на размена на Обединетите нации пред целосното искористување на плаќањето од страна на УНДП, вредноста на состојбата на средствата во тоа време ќе се приспособи соодветно. Ако, во таков случај, се евидентира губење на вредноста на билансот на средства, УНДП ќе го извести Центарот за управување со кризи со цел да се утврди дали би било потребно понатамошно финансирање обезбедено од страна на Центарот за управување со кризи. Доколку вакво понатамошно финансирање не биде достапно, асистенцијата на проектот може да се намали, да биде суспендирана или затворена од страна на УНДП.

(4) Ова учество ќе се користи исклучиво за проектот "Зголемување на урбаната отпорност со употреба на ИКТ за вклучување на намалување на ризикот од катастрофи и климатски промени во Ерменија, Македонија и Молдавија", за активностите за административна поддршка на Центарот за управување со кризи.

(5) Во согласност со одлуките и директивите на Извршниот одбор на УНДП отсликани во Политиката за повраток на трошоци од други извори, учеството ќе биде предмет на повраток на трошоците за индиректни трошоци направени од страна на седиштето на УНДП и структурите на националната канцеларија во обезбедување на услуги општа управувачка поддршка (GMS). За да се покријат овие трошоци GMS, за придонесот ќе се наплати надомест од 3%. Исто така, додека тие се недвосмислено поврзани со конкретен проект(и), сите директни трошоци на имплементација, вклучувајќи ги и трошоците на извршител или партнер за спроведување, ќе бидат идентификувани во буџетот на проектот на соодветната буџетска линија и на товар на проектот соодветно.

(6) Учествата и активностите кои се финансирани подлежат исклучиво на внатрешни и надворешни ревизорски постапки предвидени со финансиските регулативи, правила и директиви на УНДП. Доколку ревизорскиот извештај на Одборот на ревизори на УНДП на својот раководен орган содржи забелешки во врска со придонесите, таквите информации ќе му бидат достапни на Центарот за управување со кризи.

(7) Сите средства, кои остануваат непотрошени по подмирување на сите обврски, се распределуваат од страна на УНДП во консултација со Центарот за управување со кризи.

(8) Центарот за управување со кризи и УНДП ќе се консултираат взаемно во однос на секое прашање што може да произлезе од или во врска со грантот.

Ова писмо и вашето прифаќање на ова учество засновано врз условите погоре утврдени го претставуваат овој договор помеѓу Центарот за управување со кризи и УНДП за предметот кој е погоре наведен.

Со почит,
Suzana Saliu
Директор
Центар за управување со кризи

Потпис

Прифаќање:
Потпис

Луиза Винтон
Постојан претставник на УНДП
4 DEZEMBER 2015

датум